# ОПШТИНА
# КИСЕЛА ВОДА

# 2010







# ПОСТОЈАН СТРЕМЕЖ КОН
# УРБАНО ЖИВЕЕЊЕ





# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО 2010 ГОДИНА

*Во 2010 година, Општина Кисела Вода оствари поголем број од предвидените активности.*

*Најголемиот дел од нив беа од градежно-комуналната сфера, што, практично е и од највитално значење за квалитетот на живеењето.*

*Локалната самоуправа беше активна на улиците во урбаниот дел на општината, на локалните патишта, на зелените површини, но и во училиштата и во предучилишните установи.*

*Впрочем, ангажманот на Општината, логично, беше насочен кон сè што претставува законска обврска на локалната самоуправа и истовремено, правото на жителите на оваа општина да добијат колку што е можно подобри услови за живеење и дејствување на подрачјето на Кисела Вода.*

*Обврската за транспарентност во работењето, разбирливо ја наметнува и потребата од давање отчет за сработеното.*

*Оваа брошура има за цел да потсети на активностите што беа спроведени во текот на оваа година и се разбира, да вети дека своите обврски општината и натаму ќе ги исполнува ревносно.*

*Градоначалник*
*Марјан Ѓорчев*



# АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ, ТРОТОАРИ, ПАРКИНЗИ...

Општина Кисела Вода во областа на урбанизацијата, посебен акцент стави на активностите кои беа насочени кон урбанистичкото планирање за изработка на урбанистичките планови и донесување на локална урбанистичка планска документација, овозможена со Измените во Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Од страна на Советот на Општината беа усвоени Измени и дополнувања на Програмата урбано планирање во делот на потпрограма Ф10 – урбанистичко планирање и беа прифатени Измена и дополна на ДУП Стакларница – Пинтија урбан модул 5 и 6; Измена и дополна на ДУП Расадник блок 1, 2, 3 и 5; ДУП МЗ 11 Октомври 1 – 65 (тврда градба) блок 2; Измена и дополна на ДУП Црниче 2 блок 18 и 19; ДУП нас. Кисела Вода, МЗ 70 локалитет 3; Измена и дополна на ДУП Стакларница – Пинтија урбан модул 1; Измена и дополна на ДУП југоисточна индустриска зона УЕ 70 – бензиска пумпа; ДУП населба Драчево МЗ 71 – западен дел А - блок 5 и 6 и ДУП населба Драчево МЗ 71 –источен дел А - блок 14.

Советот на Општина Кисела Вода усвои нацрти на дупови од претходен период и тоа: ДУП Кисела Вода локалитет 2 урбан модел 8; Измена и дополна на ДУП 11-ти Октомври урбан блок 2 модул 1; Измена и дополна на ДУП нас. Драчево западен дел Б-блок 37 (помеѓу улици Ѓорѓи Војтех и Гандиева) и Измена и дополна на ДУП 11 Октомври 2 (југоисточна индустриска зона) УБ 2А (Булевар Србија) урбан дел 6 и 7.
Советот на Општина Кисела Вода усвои и предлог ДУП - Измена и дополна на ДУП 11 Октомври 2 (југоисточна индустриска зона) УБ 2А (булеварот Србија) урбан дел 6 и 7.

Во изминатиот период е изработена локална урбанистичка планска документација за изградба на локален пат за локалитет Усје – Сопиште, како заеднички проект со Општина Сопиште.

За потребите на општината, а во соработка со Агенцијата за млади и спорт, се изработени и четири архитектонско урбанистички проекти за спортски терени, за помошни фудбалски игралишта и тениски терени, како и за паркови и зеленило.

Активностите во однос на **комуналните работи** беа насочени пред сѐ кон извршување на Програмите за работа за 2010 година донесени од Советот на Општината. Издадени се поголем број на налози за асфалтирање и крпење на улици, тротоари, пристапни патеки, паркинзи , потпорни ѕидови, санација на фекална и атмосферска канализација, изведба на водоводна мрежа, одржување и реконструкција на постојното осветлување, изведба на нови линии за осветлување, одржување

на улици во зимски услови, како и изработување на проекти и надзор на изведбата. Извршена е и санацијата на ударните дупки на улиците во површина од **9752** квадратни метри , а изведени се и нови улици со нов асфалт на **2662** метри. Освен тоа, со бекатон се поплочени патеки, игралишта и паркинзи во вкупна површина од **8.615** квадратни метри. Во месноста Теферич е изграден нов, фекален канализационен систем во должина од **80** метри, а се расчисија и дивите депонии.

- Конкретно, се изградија нови пешачки патеки и паркинзи и тоа:
  - пешачка патека за ОУ “Невена Георгиева – Дуња” со која се овозможи пристап до новата спортска сала за ова училиште. Притоа се поставија **500** квадратни метри бекатон плочки.
  - паркинг на улицата “Михаил Чаков” со површина од **310** квадратни метри.
  - паркинг на ул. “Ѓорѓи Сугаре” со површина од **570** квадратни метри.
  - се изгради и тротоар на главната улица во населбата Пинтија, улицата “Саса”, каде беа поставени бекатон плочки со површина од **210** квадратни метри.
  - пристапна патека на ул. Сава Ковачевиќ бр. 226, каде се поставија бекатон плочки на површина од **265** квадратни метри.
  - пристапна пешачка патека за улица Сава Ковачевиќ бр. 255, каде се поставија бекатон плочки на површина од **258** квадратни метри.
  - пешачка патека на улицата Сава Ковачевиќ бр. 14 со површина од **81** метар квадратен.
  - се реконструираше плочникот кај трговскиот центар Шампионче, при што се поставија **570** квадратни метри павер елементи.

*Во соработка со Агенцијата за државни патишта*

# ПОПЛОЧЕНИ ТРОТОАРИТЕ НА ДРАЧЕВСКА

Општина Кисела Вода во соработка со Агенцијата за државни патишта го реализираше и Проектот за поплочување на тротоарите на улицата Драчевска во село Драчево.

Станува збор за поставување на бекатон плочки од двете страни на улицата на потегот од бензинската пумпа на “Макпетрол” до мостот на реката Мала Рада во должина од околу еден километар. Проектот е добиен и е дел од поширокиот проект за реконструкција и рехабилитација на локални патишта во Република Македонија, како дел од пошироката програма за поддршка финансирана од Меѓународната банка за обнова и развој - “Програма за поддршка на проекти за регионални и локални патишта” во Република Македонија.

Градежните работи ги изведе ГД Гранит А.Д. Скопје, а надзорот на изградбата го изврши Конзорциумот IRD Engineering s.r.l. (Италија) и Геинг Krebs und Kiefer – Скопје.






- се изгради паркинг на улицата “Огњан Прица” бр. 7, при што се поставија павер елементи на површина од **370** квадратни метри.
- се изградија паркинзи на улицата “Локов” бр. 1 и бр. 3, каде се поставија бекатон плочки на површина од **670** квадратни метри.





» се изгради паркинг на улицата “Ѓорѓи Димитров” бр. 50, каде се поставени бекатон плочки на површина од **680** квадратни метри.
» се изгради паркинг простор за станбените згради на ул. “Ѓорѓи Димитров” бр. 48.
» се изградија пристапни пешачки патеки на улицата “Никола Добровиќ”, бр. 13, 15 и 17, при што беа поставени павер елементи на површина од **330** квадратни метри.



» се изгради пешачка патека помеѓу ул. “Полог” и ул. “Зеленгора”.
» се изгради пешачка патека кај црквата во Усје.

## НОВ ПАРКИНГ ЗА ЛОКАЛИТЕТОТ "ТРИ КРУШИ"



Општина Кисела Вода заврши со изградбата на паркинг простор за локалитетот "Три Круши". Површината на паркингот е **1000** квадратни метри, а неговата реализација е дел од годишната Програма за комунални дејности, со која е предвидено партерно уредување за голем број локации кои се наметнаа како приоритет. Културно-уметничкиот и верски комплекс "Три Круши" се наоѓа над Драчево и претставува рекреативен центар кој е масовно посетен на дневна база.

Истовремено, секое лето на овој комплекс се одржува и манифестацијата "Културно лето Три Круши", на која покровител е Општина Кисела Вода. Со овој потег за изградба на паркинг простор, Општина Кисела Вода излезе во пресрет на барањата на жителите, кои инсистираа за ваков импозантен рекреативен комплекс да се изгради и соодветен паркинг простор.

» Се изврши поплочување на улицата "Герника 8" во н. Драчево, при што беа поставени бекатон плочки на површина од **897** квадратни метри.



- во месноста "Потстаница" во Драчево се изгради тротоар на улицата "Сердарот" со површина од **722** квадратни метри.



- тротоар со површина од околу **300** квадратни метри се изгради и на улицата "Жарко Зрењанин" покрај основното училиште "Кузман Шапкарев" во н. Драчево.
- се изградија тротоари на улицата "Јабланица" во населбата Пинтија, како и во населбата 11 Октомври – бараки, веднаш до просториите на месната заедница.
- Се изврши поплочување со павер елементи на ул. бр.2, на ул. бр.4, ул. бр.6, ул. бр.8, ул. бр.10, ул. бр.12, ул. бр.14, ул. бр.14 (продолжеток) со должина од **70** метри, како и тротоар со павер елементи на потегот од детското игралиште до месната заедница "Потстаница" со вкупна должина од **395** метри.



- Во 2010 се санираа и ударните дупки низ општината, а се асфалтираа и реконструираа и улици:
  - Ул. “Стрмашево” (Пржино), санирани **455** квадратни метри и поставени **68,03** тони асфалт.
  - Ул. Сервисна (Припор – Цементара), санирани **302** квадратни метри и поставени **39,76** тони асфалт.
  - Ул. Христо Татарчев, крак 15 (Припор), санирани **437** квадратни метри и поставени **66,97** тони асфалт.
  - Ул. Кочанска, ул. Караџиска, ул. Полог, ул. Пеју Јаворовиќ и ул. Кара (Пржино), санирани **654** квадратни метри и поставени **100,43** тони асфалт.
  - Ул. Христо Татарчев, крак 14 (Пржино), санирани **360** квадратни метри и поставени **55,19** тони асфалт.
  - се опфатија повеќе краци на улицата Христо Татарчев (Сава Ковачевиќ), при што на кракот 22 се поставија **420** квадратни метри асфалт, на кракот над автобуската постројка на последна 24-ка се закрпија ударни дупки со површина од **250** квадратни метри. Комплетно се асфалтираше кракот 25 на истоимената улица, во должина од околу **50** метри, при што се поставија **712** квадратни метри асфалт.
  - санацијата на ударните дупки ги опфати и краците 14, 15 и 24 при што се постави нов асфалт на површина од **1321** метар квадратен, додека пак на сервисната улица Припор – Цементарница беа асфалтирани вкупно **300** квадратни метри.
  - се изврши реконструкција на улицата “Наум Охридски” во нас. Црниче. За нејзината реконструкција, се изврши гребење и асфалтирање на улицата при што се постави асфалт во вкупна површина од **3478** квадратни метри.
  - Во месната заедница Црниче се асфалтираше крак од ул.Серска со должина од **60** метри, а се санираа ударните дупки на улиците: Кратовска, Рилски Конгрес, Христо Узунов и Чедомир Картанџиев.



  - Во селото Драчево се асфалтираше улицата “Солунска глава” со крак до амбулантата “Ла Вита”, при што беа поставени вкупно **690** квадратни метри асфалт. Истовремено, се асфалтираше и улицата “Качулевска” со површина од **373** квадратни метри. Се изврши и крпење на ударни дупки на улиците: Студеничанска, Речиште (краци), Сердарот, Негоричанска, Мишевска, Тушинска, крак од Драчевска (кај Аџево).

ПОСТОЈАН СТРЕМЕЖ КОН УРБАНО ЖИВЕЕЊЕ

» Во населбата Драчево асфалтирана е ул.Герника бр.7 со должина од **245** метри.



» Во месната заедница Пинтија асфалтирани се краците 1,2,3 и 4 од улицата Саса 18 со вкупна должина од **385** метри.





» Во месната заедница Усје се асфалтираше дел од ул. Бр. 3 со должина од **300** метри, како и асфалтирање на крак над месната заедница на Улица бр.5 со должина од **60** метри.

» Во месната заедница Пинтија се изврши асфалтирање на ул. 1439 во должина од **140** метри.

» Во урбаната заедница Кисела Вода се изврши асфалтирање и реконструкција на крак од ул. Димо Хаџи Димов со должина од **200** метри.

» Во месната заедница Стаклара – Каменик се изврши асфалтирање на ул.Првомајска бр.34 со должина од **270** метри.

Во 2010 година, не изостанаа и активностите за одржување и поставување на ново улично осветлување. Имено, покрај перманентната замена на старите, нефункционални и дотраени светилки, се вршеше и поставување на нови мрежи за улично осветление. Конкретно, по урбани и месни заедници, активностите во врска со уличното осветление изгледаат вака:

- Поставена е нова линија со **5** канделабри за осветлување на улица Пандо Кљашев, во урбаната заедница Пржино;
- Поставена е нова линија со **5** канделабри за осветлување на ул. Востаничка и ул.Банско 1, во урбаната заедница Црниче;
- Пуштена е нова линија за осветлување со **7** канделабри на ул. Огњан Прица бр. 16, во состав на детското забавно игралиште, во урбаната заедница Бирарија;
- Пуштена е нова линија за осветлување на ул.Вера Јоциќ, во урбаната заедница Цветан Димов;
- Поставени се **16** нови столбови за улично осветлување на ул. Лазар Димитров, Трајко Иванов и Спиро Гулапчев, во урбаната заедница 11 Октомври – бараки;
- Пуштена е нова линија за осветлување со **4** канделабри, во состав на новото детско игралиште во месната заедница Трипор;
- Пуштена е  нова линија за осветлување со **7** канделабри на ул. Саса бр. 18, во месната заедница Пинтија.
- Пуштена е нова линија за осветлување на ул.Малешевска, Киро Фетак 1 и Робеспјерова, во урбаната заедница "Бобан Трпков" – н. Драчево.

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

- Во летниот период се исчисти дел од каналот за атмосферски води, ,што поминува зад игралиштето на фудбалскиот клуб ССК “Драчево”, во должина од **500** метри. Притоа, беа исфрлени вкупно 650 кубни метри смет (вегетација, градежен и домашен шут).



- Општина Кисела Вода на почетокот на летото започна голема акција за реконструкција и обнова на старите и нефункционални спортски и детски реквизити низ парковите во општината, како и акција за поставување на нови клупи и корпи за отпадоци. Конкретно, во дворот на црквата “Св. Преображение” на Теферич се поставија три клупи и три корпи за отпадоци. Во подрачното основно училиште “Круме Кепески” во новиот детски забавен парк, покрај детските реквизити се постави и фонтана. Од оваа акција не беше изземен и големиот парк спроти поштата

во н. Драчево, каде се поставени нови корпи за отпадоци и клупи, а се изврши и реконструкција на оштетените детски реквизити во истиот парк. Реконструкција се изврши и на паркот кај ул. “Ѓорѓи Димитров”, каде се поставија нови корпи за отпадоци и клупи.

- Се изгради и хортикултурно се уреди детски забавен парк во состав на подрачното училиште “Круме Кепески”, во Припор, на површина од 225 квадратни метри.
- Општината Кисела Вода во изминатиот период во континуитет вршеше расчистување на дивите депонии, кои и покрај сите апели и засилени контроли од општинска страна сеуште ги создаваат несовесните граѓани. Во таа насока, во поранешната Стакларница отстрането е поголемо количество отпад.
- Спроведена е пролетна и есенска дератизација на цела територија на Општина Кисела Вода, при што на два наврати се поставени мамци во 3226 шахти на јавните површини.
- За одбележување е и активното учество во пошумување на површини во пролетната и есенската акција „Ден на дрвото”, на месноста Три Круши во близина на селото Драчево каде беа засадени повеќе од **10.000** садници.





## ДВЕ НОВИ ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА ЗА ДРАЧЕВЧАНИ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, г-нот Марјан Ѓорчев, свечено ги предаде на користење двете нови детски забавни игралишта во Драчево. Станува збор за детскиот забавен парк на улицата “Коперникова”, што се оплемени со повеќе детски реквизити. Истовремено, се изгради и пешачка патека до игралиштето со површина од **24** квадратни метри.





Во комплексот на забавниот парк е изградено и кошаркарско игралиште .

Детско забавно игралиште со сличен габарит се изгради и на улицата "Димитрија Чуповски" веднаш до СИМПО. До самото игралиште се изгради и пешачка патека со павер елементи на површина од **46** квадратни метри. Игралиштата се заградени, соодветно осветлени и ќе претставуваат вистинско место каде најмладите ќе можат да го поминуваат своето слободно време низ игра и забава.

## ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА ПАРКОТ "ФРЕДЕРИК ШОПЕН"

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, г-нот Марјан Ѓорчев, министерот за култура на Република Македонија, г-ѓата Елизабета Канческа Милевска и амбасадорот на Република Полска во Република Македонија, Н.Е. Карол Бахура, на 29.09.2010 година, свечено го пуштија во употреба паркот "Фредерик Шопен", кој се наоѓа зад основното училиште "Невена Георгиева – Дуња" во Општина Кисела Вода.





Изградбата на паркот е дел од проектот "Одбележување на 200 години од раѓањето на полскиот композитор, великанот на музиката Фредерик Шопен", за

унапредување на соработката во областа на културата, музиката и уметноста помеѓу полската и македонската култура и почитување на начелата на хуманизмот, општо цивилизациските и европските вредности. Проектот е продолжение на одличната соработка помеѓу Општина Кисела Вода и Амбасадата на Република Полска во Р.М., која започна на почетокот на 2010 година со поставувањето на плакета на Фредерик Шопен, на истоимената улица во Општина Кисела Вода.

Паркот на Шопен е хортикултурно уреден, поставена е нова урбана опрема, детски реквизити, изградена е импозантна фонтана која во вечерните часови е осветлена во повеќе бои, а се изгради и мултифункционална бина. Во состав на паркот е поставена, прва во Република Македонија, биста на великанот на Полската и светската музика, Фредерик Шопен. Со естетското и хортикултурно уредување на паркот, со создавање на функционално место каде ќе се одржуваат културно-уметнички манифестации во иднина, на граѓаните ќе им се пружи уште едно урбано катче, каде ќе можат да се релаксираат и да го поминуваат слободното време, 24 часа во денот.



## ИЗГРАДЕН ЛОКАЛНИОТ ПАТ " Р 302 - ТЕФЕРИЧ"

Во Општина Кисела Вода завршија градежните работи за изградба на локалниот пат "Р 302 – Теферич", кој е дел од проектот "Реконструкција и рехабилитација на локални патишта во Република Македонија", што е всушност дел од пошироката програма за поддршка финансирана од Меѓународната банка за обнова и развој во Република Македонија.



Патот е со должина од **952** метри, асфалтирани се две коловозни ленти од **2,5** метри, а изградени се и тротоари поплочени со бекатон плочки по двете страни на патот со широчина од еден метар. Градежните работи ги изведе ГД “Гранит” А.Д. Скопје. Овој проект, како и претходниот со кој се поплочија тротоарите на ул. Драчевска во с. Драчево, се добиени преку заедничка соработка помеѓу Агенцијата за државни патишта и Општина Кисела Вода, за што е потпишан Протокол за соработка.

### АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА УЛИЦАТА КИТКА

Улицата “Китка” е главен коридор што ги поврзува селото и населбата Драчево. Во екот на градежната сезона на оваа улица се изгради атмосферска канализациона мрежа.

Општината од својот Буџет издвои средства за изградба на мрежата во должина од **500** метри на оваа улица, и со оваа градежна активност се очекува конечно да се реши проблемот со прифаќањето на атмосферските води.

Градежните активности на оваа улица што е од витално значење за Драчевчани, ќе продолжат со нејзина целосна реконструкција за што се обезбедени средства од Светската Банка.

## ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Секторот за локален економски развој изминатата година реализираше поголем број проекти. Дел од нив беа започнати во 2009 година и се реализираа лани.

- Во ОУ “Кирил Пејчиновиќ” беа заменети прозорците, со што се подобри затоплувањето во училиштето.
- Во 2010 година Фондот за води - Скопје на Општина Кисела Вода и додели средства во висина од 4.2 милиони денари за реализација на Проектот за водоснабдување на горниот дел од с. Усје.
- Вреди да се напомене дека минатата година беа реализирани повеќе предавања за граѓаните во врска со остеопорозата, нејзиното дијагностицирање и современ тераписки пристап.

# ОБРАЗОВАНИЕ, ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ, КУЛТУРА И СПОРТ

- Одделението за образование во изминатата година, покрај редовните активности кои опфаќаат контакти и соработка со основните училишта што гравитираат на територијата на Кисела Вода, спроведе и неколку проекти и едукации како што се:

  - Три основни училишта од Општина Кисела Вода беа вклучени во реализацијата на едукативната училишна програма "За тебе"- за учебната 2009/2010 година. Главна цел на програмата е да помогне во едукацијата на девојчињата која се однесува на промените во пубертетот, интимната хигиена, животниот стил. Со програмата беа опфатени ученичките од 6-то одделение од ОУ "Кирил Пејчиновиќ", ОУ "Партениј Зографски" и ОУ "Кузман Шапкаре", а истата ја реализираа модератори (предавачи) – лица кои имаат медицинско образование, обучени од страна на Агенцијата "Grey Worldwide".

- Во соработка со Општинската Организација Црвен Крст – Кисела Вода, беа организирани неколку крводарителски акции во просториите на Општина Кисела Вода.

- Општина Кисела Вода во соработка со сите 8 основни училишта, изминатата година по трет пат го реализираше проектот "Низ игра – до еко свест". Во учебната 2007/2008 година, за прв пат се одржа во подрачното училиште "Кузман Јосифовски – Питу" во населбата Црниче, каде победници беа домаќините. Следната учебна 2008/2009 година, манифестацијата прерасна во традиционална и се одржа во ОУ "Невена Георгиева – Дуња", а преодниот пехар премина во рацете на учениците од ОУ "Кирил Пејчиновиќ".

- Се одбележа и ,,Светскиот ден на мајчиниот јазик" преку организација на литературен и ликовен конкурс на тема: Го сакам, почитувам и негу-

вам мајчиниот јазик. На конкурсот активно учество земаа сите ученици од 1 – 8 одделение од основните училишта на територија на Општина Кисела Вода.



- Во секое училиште во Општина Кисела Вода беше реализиран проектот “Селекција на отпад”, со активно учество на сите ученици.

# ДОСТОЈНО ОДБЕЛЕЖАН ГОЛЕМИОТ ЈУБИЛЕЈ



Општина Кисела Вода со Свечена Академија на 29 Јуни во ресторанот Журнал, достојно го одбележа големиот Јубилеј - 55 години од формирањето на општината. Акцентот на јубилејот беше ставен на оддавање на признанија на личности, кои со своите дела дале несебичен придонес за развојот на општината. Почетокот на Свечената Академија беше во знакот на традицијата, а истиот го означи актерот Александар Шехтански, кој изведе краток дел од “Легендата за Македонија”.

Големиот број поканети гости, лауреатите, претставниците на законодавната и извршната власт, претставниците на компаниите, свештените лица, советниците од општината, со инспиративен говор ги поздрави градоначалникот на Општина Кисела Вода, г-нот Марјан Ѓорчев. Во својот говор градоначалникот Ѓорчев се наврати на почетоците на општината, ретроспективно ги долови сите фази од динамичниот општествено-индустриски развој на општината и воедно им се



заблагодари на сите некогашни раководители на општината Кисела Вода, низ долгиот 55-годишен период, кои со својата работа позитивно придонеле во конституирањето и афирмирањето на она што денеска претставува респектабилна единица на локална самоуправа – Општина Кисела Вода. Ѓорчев потсети дека општината Кисела Вода отсекогаш била расадник на многу признати, заслужни граѓани од областа на спортот, уметноста, културата, науката и образованието, кои не афирмирале во градот, државата и надвор од неа.

Токму тие беа во центарот на вниманието на Свечената Академија, бидејќи беа лауреатите на овој голем Јубилеј. Имено, комисијата за награди и признанија при Советот на Општина Кисела Вода по повод овој голем Јубилеј, додели повеќе од 50 Плакети на значајни општественици, уметници, спортисти, научници, збратимени општини, правни лица, но се доделија и 6 Спомен плакети – постхумно, на личности кои имаат дадено значаен придонес за нашата општина и нашето општество.



Присутните гости имаа можност да уживаат и во изложбата на фотографии со наслов “Кисела Вода низ годините”, која опфати над 80 фотографии, на кои можеа да се забележат првите почетоци на општината, но и сè она што општината Кисела Вода денес претставува.

Целокупната манифестација беше пропратена со одлична музичка експликација, во изведба на реномираните музички состави на Драган Даутовски и гудачкото трио “Марија”. Овогодинешниот лауреат од областа на музиката Драган Даутовски, кој е и уметник на УНЕСКО, изведе музичка точка на окарина-инструмент стар повеќе од 5000 години. Гудачкото трио “Марија” се претстави со репертоар на класична и изворна македонска музика во современа обработка.

*Годинава, по петти пат*

# КУЛТУРНО ЛЕТО ТРИ КРУШИ 2010



Општина Кисела Вода годинава, традиционално по петти пат ја организираше културно-забавната манифестација Културно Лето Три Круши 2010, која се одржува на амфитеатарот на Верско-рекреативниот - Три Круши, во с. Драчево. Во предвидените 17 манифестации на Три Круши продефилираа ансамбли и културно-уметнички друштва од земјава и странство, естрадни уметници, театри, камерни хорови, а веќе трета година по ред се одржува и детскиот фестивал “Три Круши”, на кој се изведуваат песнички во интерпретација на деца – ученици во основните училишта во општината.

Богатата културно-уметничка програма, годинава беше збогатена и со организација на прв Етно фестивал – “Етно фест Три Круши”, на кој се претставија реномирани македонски пејачи.



Годинашното, петто по ред Културно лето Три Круши 2010, имаше и меѓународен карактер, на кое свое пригодно учество земаа ансамбли и естрадни уметници од Хрватска, Турција, Србија, Украина и Полска.

Честа да го отворат годинашното Културно лето, ја имаа реномираниот Македонски Ансамбл за

народни игри и песни "Танец" и вокалниот интерпретатор на македонска музика, Сузана Спасовска.

Куризотет е што годинава, за прв пат официјалното отворање на Културно лето Три Круши 2010, и првиот Етно фестивал, беа пренесувани на Сателитскиот канал на Македонската Радио Телевизија, со што дополнително се промовираше оваа културна манифестација во земјава, но и кај нашите иселеници во странство.

Годинава, со вкупна посетеност од околу **30 000** посетители, културната манифестација Културно лето Три Круши, сосема заслужено го доби епитетот на една од најпосетените манифестации од ваков вид во Македонија.

За тоа секако придонесува богатата културна програма, која од година во година е се побогата и која нуди многу забава, хумор и секако спектакуларен крај, со многу изненадувања.

Покровители на манифестацијата се градоначалникот на Општина Кисела Вода, г-нот Марјан Ѓорчев и Советот на Општина Кисела Вода.

» Годинава што измина по вторпат беше организирана манифестацијата "Пушкинови денови", која веќе прераснува во традиција.





## ДОСТОЈНО ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК "6-ТИ МАЈ – ЃУРЃОВДЕН"

Општина Кисела Вода со целодневна манифестација го одбележа патрониот празник на општината "6-ти Мај Ѓурѓовден". Присутните гости со пригоден говор ги поздрави градоначалникот Марјан Ѓорчев, кој истовремено им додели награди на учениците кои беа најуспешни на отворениот литературен и ликовен конкурс на тема "Пееме, твориме за Ѓурѓовден говориме", што всушност беше и мото на целата манифестација. Во категоријата ликовни творби за деца од предучилишно воспитување, прво место доби Леонора Несторова од ЈДГ "Весели Цветови" – објект Мимоза, второто место беше доделено на Тамара Николова од ЈДГ

"8-ми Март" – објект Расадник, додека третото место и припадна на Јована Чапканова од ЈДГ "8-ми Март" – објект Пржино. Во категоријата ликовни творби од ОУ за ученици од I до IV одделение, најуспешни беа следните ученици: прво место освои Ивана Чепуњоска IV одделениево ОУ "Невена Георгиева - Дуња", второ место освои Рената Петреска, III одделение од ОУ "Круме Кепески", додека третото место и припадна на Ивана Ангеловска, III одделение во ОУ "Партение Зографски".





Во категоријата ликовни творби од ОУ за ученици од V-VIII одделение, првото место и припадна на Ивана С. Ѓорѓиева од ОУ "Св. Климент Охридски", второ место зема Калина Петрушевска од ОУ "Кузман Шапкарев", додека третото место и беше доделено на Мариела Клековска ОУ "Кирил Пејчиновиќ". Во категоријата литературни творби за ученици од I-IV одделение најуспешни беа: прво место Ана Мицевска од ОУ "Св. Климент Охридски", второ место доби Бојана Стојановска од ОУ "Невена Георгиева-Дуња", додека третото место и беше доделено на Моника Манева од ОУ "Круме Кепески". Во категоријата литературни творби за ученици од V-VIII одделение, прво место доби Марија Нацева од ОУ "Партение Зографски", второ место зема Даме Ивановски од ОУ "Рајко Жинзифов", додека третото место и беше доделено на Јелена Гиговска од ОУ "Кузман Јосифовски - Питу".

Свечената седница заврши со рецитирање на првонаградената литературна творба од страна на ученичката Марија Нацева. Со звукот на зурлите и тапаните, гостите од салата беа повикани да се придружат на Цветното дефиле на паркингот пред општината, каде повеќе од **500** ученици, КУД "Китка", граѓани од месните заедници и дел од општинската администрација тргнаа кон амфитеатарот "Св. Ѓорѓи". Поради променливите временски услови, манифестацијата се префрли во салата "Архиепископ Доситеј", каде пред преполната сала се изведе религиозниот обичај со вртење на погача, а многубројниот аудиториум уживаше во богатата културно-уметничка програма, подготвена од училиштата и градинките.






Централниот настан се одржа вечерта во салата Расадник, со организирање на Свечена академија. Академијата понуди богата културно-уметничка и забавна содржина, која успеа да го задоволи вкусот на многубројната публика. Спортската сала Расадник беше премала да ги собере многубројните гости, а меѓу присутните можеа да се забележат голем број на градоначалници, пратеници, директори на јавни претпријатија, стопанственици, претставници од министерствата, но и голем број жители на Кисела Вода. На академијата градоначалникот Ѓорчев додели повеќе признанија и награди. Беа избрани најдобрите ученици од секое основно училиште и ученик на генерација на Општина Кисела Вода. За најдобар ученик од ОУ "Невена Георгиева – Дуња" е избран Драган Миланковски, од ОУ "Круме Кепески" е избрана Магдалена Трајковска, од ОУ "Кузман Шапкарев" е избран Мартин Бибовски, од ОУ "Партение Зографски" е избрана Ема Стефановска, од ОУ "Кузман Јосифовски – Питу" е избрана Марија Секуловска, од ОУ "Св. Климент Охридски" е избрана Ане Китановска, од ОУ "Рајко Жинзифов" е избрана Ана Костадиновска, а од ОУ "Кирил Пејчиновиќ" е избрана Тепеѓозова Марија, која воедно беше прогласена и за ученик на генерација на Општина Кисела Вода. Се доделија признанија и за најдобар просветен работник на годината за училиштата и градинките. За просветен работник на годината на ОУ е избран наставникот Даме Коларовски од ОУ "Рајко Жинзифов", а просветен работник на годината во ЈДГ е воспитувачот Мира Ѓорѓиевска од ЈДГ "8-ми Март". Се додели признание и за истакнат родител – соработник во ОУ и ЈДГ. Годинава честа да го добие ова признание ја имаше Ацо Богдановски – Конга.

На свечената академија со свои настапи брилјираа дечињата од градинките, учениците од основните училишта, КУД "Китка", а за забавата да биде уште поголема се погрижија и големите музички ѕвезди Сузана Спасовска и Кристина Арнаудова.

## СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ИЗМИНАТАТА ГОДИНА

Во областа на спортот, значајна активност беше организацијата на училишниот спорт. Беа анимирани сите осум основни училишта кои егзистираат на територијата на Општината. Преку меѓуодделенските натпревари во повеќе колективни и индивидуални спортови беа селектирани преку 1000 ученици, кои се натпреваруваа во лига систем во колективните спортови фудбал, кошарка, ракомет и одбојка, во учебната 2009/2010 год. За сите учесници во училишниот спорт, општината организираше спортски лекарски преглед во Заводот за спортска медицина, организираше превоз за учениците за секое одиграно коло, на натпреварите судеа судии од спортските федерации, обезбеди пехари, медали и други награди за најуспешните, тренажните процеси во училиштата ги одржуваа професори по физичка култура. За поквалитетна реализација на училишниот спорт придонесоа и двете новоизградени спортски сали ,,Независна Македонија" и ,,Архиепсикоп Доситеј". Инаку, по лига систем се одиграа вкупно **74** натпревари, а во завршната плеј-оф фаза талентите изобилуваа со својот раскошен талент. Во фудбалското финале, поуспешна беше екипата на ОУ "Кузман Шапкарев", кошаркарското дерби го добија учениците на ОУ "Партенија Зографски", додека приматот во одбојката им припадна на учениците од ЦОУ "Круме Кепески". Веќе подолго време неприкосновени во ракометот се учениците на ОУ "Клумент Охридски", кои всушност се и претставници на Општината на градските натпревари во училишниот спорт.



## ОДРЖАНА ТРИБИНА НА ТЕМА: УЧИЛИШНИОТ СПОРТ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Големата сала за седници во Општина Кисела Вода беше премала за да ги собере сите вљубеници во спортот, спортски работници и истакнати спортисти кои присуствуваа на јавната трибина на која се дискутираше за училишниот спорт во Општина Кисела Вода. Организаторот на трибината, Комисијата за култура и спорт при Советот на Општина Кисела Вода, успеа на едно место да ги собере и интегрира најзначајните спортски фактори во насока на продуцирање на вистински идеи

за развој и оплеменување на училишниот спорт во општината, но и во државата, воопшто. Меѓу бројните присутни гости беа и претседателот на Федерацијата на училишен спорт, проф. Д-р. Александар Туфекчиевски, деканот на Факултетот за Физичка култура, проф. Д-р. Гино Стрезовски, ракоментниот брачен пар Зоран и Индира Кастратовиќ, фудбалската легенда Васил Рингов, одбојкарската легенда Горан Јањевиќ, младата атлетска надеж Ивана Рожман, членови на Советот на Општина Кисела Вода, претставници на МОК, претставници на основните училишта и спортски клубови кои егзистираат на територијата на општината.



"Честа е да се биде тука меѓу Вас, во една благородна задача која ние мора да ја изодиме. Спортот е нешто што го обединува светот, а училишниот спорт е основа за тоа. Наша задача е да овозоможиме оптимални услови за создавање на здрава млада и спортска нација. Ќе тргнеме со мал чекор за нас, а голем за младинците во Општина Кисела Вода" – порача домаќинот на трибината, градоначалникот на Општина Кисела Вода, г-нот Марјан Ѓорчев.



Деканот на факултетот за физичка култура, г-нот Стрезовски ја поздрави поддршката на општинската администрација за училишниот спорт и порача дека со изградбата на двете нови спортски сали во општината се создадени одлични технички предуслови за развивање на училишниот спорт.

"Почитувани, навистина мислам дека Општина Кисела Вода има среќа што градоначалникот Ѓорчев гледа на спортот како на нешто многу значајно и важно. Ова што го гледам во општината е одличен потенцијал, кој со примена на правилен модел на организација може да го достигне, она што ние го нарекуваме центар – јадро на спортот. На кратко: Ќе бидеме она во што веруваме, онолку колку веруваме!" – меѓу другото, рече претседателот на Федерацијата на училишниот спорт, проф. Д-р. Александар Туфекчиевски.

Со своја дискусија позитивно придонесе и ракометната тренерска легенда и сопственик на ракометно училиште, г-нот Зоран Кастратовиќ, кој ги долови и пренесе практичните искуства со младите спортски потенцијали и порача дека за

позитивна контрибуција во процесот на развој на училишниот спорт во Општина Кисела Вода, тој и неговото семејство секогаш стојат на располагање. И останатите дискутанти ја искажаа својата поддршка за овој процес и констатираа дека денес Општина Кисела Вода активира еден организиран систем за превенција од пороците на денешницата и промоција на трајни спортски вредности, во кои како носители во прв ред ќе се јават наставниците по физичко образование и спортските тренери.

» Посебно внимание привлече и кралицата на спортовите - атлетиката со реализација на 34-тата "Ѓурѓовденската атлетска трка". Традиционално, трката во организација на ЦОУ "Рајко Жинзифов" се одржа долж улицата "Ратко Митровиќ" во Драчево. Во трката учество земаа **142** ученици натпреварувајќи се во пет категории.





» Интересно беше и на организираната летна забавна фудбалска школа. Општината заедно со "Отворените фудбалски школи" на **400** деца на возраст од шест до четиринаесет години, во пет дена, им овозможи пријатни забавни моменти во изучувањето на тајните на фудбалската игра.





» Се издаде првиот спортски весник “Дерби“, првенчето на Кисела Вода, кој има за цел спортски да ги едуцира учениците, но и да соопшти за нивните успеси.
» Во делот на **предучилишно воспитување**, во изминатата година се вршеа различни градежни активности во постоечките објекти на двете јавни детски градинки ”Весели Цветови” и “8-ми Март”. Се модернизираше и ентериерот во дел од објектите на двете детски градинки, а беа и доопремени со соодветни и неопходни реквизити.

## МЕСНА САМОУПРАВА И СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИН СЕКТОР

» Одделението за соработка со невладин сектор организираше трибина со невладините организации и здруженијата на граѓани од Општина Кисела Вода, на која присуствуваа повеќе од 30 невладини организации. Главната цел на оваа трибина беше да се отпочне со процесот на инклудирање на невладините организации во работата на локалната самоуправа и во самиот процес на креирање на општинската стратегија, односно во донесувањето на одлуки и решавањето на горливите проблеми на граѓаните на локално ниво.
» Одделението за месна самоуправа успешно ја спроведе акцијата за делење на решенија за данок на имот, при што се доделија повеќе 14 илјади решенија, а во акцијата беа вклучени повеќе од 40 лица, од сите 14 месни и урбани заедници.

# ВО ПОСТОЈАН КОНТАКТ СО СВОИТЕ СОГРАЃАНИ

Изминатата година градоначалникот Марјан Ѓорчев ја продолжи практиката за редовни средби со жителите на општината Кисела Вода. Беа одржани повеќе од 60 состаноци, на кои граѓаните како најгорливи прашања ги истакнаа проблемите од комунален аспект и оние со сообраќајната инфраструктура. Значајно беше тоа што граѓаните нудеа и свои концепти за решавање на проблемите кои секојдневно ги мачат. Дел од тие решенија, се разбира, беа земени во предвид од страна на општинската администрација.



» **Секој четврток градоначалникот има отворен ден за средба со граѓани**

ОПШТИНА
**КИСЕЛА ВОДА**

ул. Првомајска 6б, 1000 Скопје
Тел.++38922785400
Факс:++38922770210
contact@kiselavoda.gov.mk
www.kiselavoda.gov.mk